

# КРАТОК ВОДИЧ

## ЗА ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ


Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

CRPM Center for Research and Policy Making
...policy impact since 2004

ОТВОРЕНА ПОРТА
AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING

Хоризонталниот Инструмент за Западен Балкан и Турција (Хоризонтален Инструмент II) 2019 – 2022 е иницијатива за соработка на Европската Унија и Советот на Европа за регионот Западен Балкан и Турција. Програмата ги поддржува реформските процеси договорени со властите, согласно соодветните препораки на релевантните советодавни тела и тела за мониторинг на Советот на Европа, на полето на човековите права, владеење на правото и демократијата.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не го одразуваат официјалното мислење на која било од страните.

Умножување извадоци (до 500 збора) е дозволено, освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не е употребен надвор од контекст, не дава некомплетна информација или на друг начин погрешно го наведува читателот во однос на природата, опфатот или содржината на текстот. Изворниот текст мора секогаш да биде цитиран како што следи „© Совет на Европа, 2022“. Сите барања во однос на репродукција/ превод на целиот или на дел од документот треба да се упатат кон Директоратот за комуникации, Council of Europe (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Корици и графички дизајн: Николина Јанева
Фотографии: Canva

**© Совет на Европа.**
Лиценциран на Европската Унија под услови,
октомври 2022

Печати: Принт Марк

Заедничкиот проект на ЕУ/Советот на Европа „Спречување и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија“ ја поддржува имплементацијата на препораките на Групата на експерти за акција против трговијата со луѓе на Советот на Европа (ГРЕТА).
Повеќе информации за проектот и публикациите се достапни на:
Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје
Адреса: Соравиа Центар, Филип Втори Македонски бр. 3. 1000, Скопје
Веб страна: https://www.coe.int/en/web/skopje

Свој придонес кон публикацијата дадоа: д-р. Марија Ристеска, Центар за истражување и креирање политики; проф. д-р. Елена Ќосевска и м-р Надица Тотиќ, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија; доц. д-р Даниела Иванова Панова, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Медицински факултет, Универзитет "Свети Кирил и Методиј", Скопје; Марија Тодоровска, Отворена порта и д-р. Јорг Понт, поранешен советник за здравствени прашања при Министерството за правда на Австрија.

# СОДРЖИНА

01 – Што е трговија со луѓе?

02 – Форми на трговија со луѓе

03 – Индикатори за идентификација

04 – Жените како жртви на трговија со луѓе

05 – Деца и адолесценти

06 – Здравствени состојби

# 01

# ШТО Е ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ?

Трговијата со луѓе е врбување пренесување, превезување, засолнување или прифаќање деца, жени или мажи преку употреба на сила, принуда, злоупотреба на ранливост, измама или други недозволиви средства со цел на експлоатација.[1]

**ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР Е КЛУЧЕН ИГРАЧ ВО ИДЕНТИФИКАЦИЈАТА И ПОДДРШКАТА НА ЖРТВИТЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

Жртвите на трговија со луѓе, како и жртвите на други форми на злоупотреба, се здобиваат со повреди и болести кои често спаѓаат во надлежност на здравствениот сектор кој треба да ги реши на безбеден и доверлив начин.

За тргувано лице, контактот со некој во здравствениот сектор може да биде **прва – или единствена** – можност да објасни што се случило или да побара помош.

## КОНТАКТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И УПАТУВАЊЕ

**ОТВОРЕНА ПОРТА**
2777 – 070
www.lastrada.org.mk

**СОС ЛИНИЈА**
0800 - 11111

**ЦЕНТАР ЗА ЖРТВИ**
070 359 971

**ПОЛИЦИЈА**
единица за борба против трговија со луѓе
192

**МОБИЛНИ ТИМОВИ**
078 306 225

www.nacionalnakomisija.gov.mk

[1] *Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ)*

# 02

# ФОРМИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

- Сексуална експлоатација;
- Трудова експлоатација вклучително во земјоделството, градежништвото, преработката на храна, угостителството, индустрии (во фабрики);
- Принудно питачење;
- Принудни бракови;
- Домашно слугување;
- Присилен криминал, вклучувајќи уличен криминал и ситни кражби;
- Отстранување органи.

СЕКОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ ЖРТВА
на трговија со луѓе.



# 03

# ЗНАЦИ КОИ УКАЖУВААТ ДЕКА ПАЦИЕНТОТ Е МОЖНА ЖРТВА НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

- **Придружувано е** од друго лице кое изгледа контролирачки и инсистира да дава информации и зборува во негово име;
- Се чини дека **се плаши** да зборува во присуство на лицето кое го придружува;
- Дава **нејасно и неконзистентно** објаснување каде живее, работи или учи;
- Има стари или сериозни **повреди** оставени нетретирани и не сака да објасни како настанала повредата;
- Се чини дека **често се сели** (локално, регионално, национално или меѓународно);
- Изгледот укажува на општо **физичко занемарување**;
- **Не говори** на јазиците на кои се говори во државата;
- **Нема** документи.

Повеќе информации за **Стандардните оперативни процедури (СОП)** и **Индикаторите** за идентификација на жртви со трговија со луѓе се наоѓаат на веб страната на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција: nacionalnakomisija.gov.mk [2]

[2] *Стандардни оперативни процедури - Национална Комисија (nacionalnakomisija.gov.mk)*
*Индикатори - Национална Комисија (nacionalnakomisija.gov.mk)*

**04**

# ЖЕНИТЕ КАКО ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ




- Жртвата **нема** каде да живее ако се врати во својата заедница;
- Жртвата постојано **се обвинува** себеси за сѐ што се случува;
- Жртвата е **вознемирена и / или уплашена** кога зборува за себе и животот во семејството;
- Жртвата **не верува** дека институциите можат да ѝ помогнат;
- Жртвата **се повлекува** во себе, се плаши да одговори на прашањата и бара одобрување или согласност од нејзиниот придружник.

**05**

# ДЕЦА И АДОЛЕСЦЕНТИ КАКО ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

- Имаат **нејасен однос** со возрасното лице кое ги придружува;
- Се согледува чувство на **страв и немир** кога се покрај возрасното лице кое ги придружува;
- **Исчезнуваат** брзо од здравствениот надзор, од училиштето, домот итн;
- Даваат **неконзистентни** информации за нивната возраст.



# 06

# ЗДРАВСТВЕНИ СОСТОЈБИ

## **кои можат да укажат на трговија со луѓе**

- Доказ за долготрајни повеќекратни повреди;
- Индикации за ментална, физичка и сексуална траума;
- Сексуално преносливи инфекции;
- Бремена со задоцнета антенатална грижа или адолесцентна бременост;
- Нарушена и лоша исхрана, неухранетост и дехидратација;
- Доказ за самоповредување;
- Повреди или болести од изложеност на штетни хемикалии;
- Лоша состојба на забалото;
- Хроничен замор;
- Болки во грбот, болки во стомакот, проблеми со кожата;
- Главоболки и вртоглавици;
- Неспецифични симптоми на посттрауматски стрес;
- Анксиозност/напад на паника (пр. отежнато дишење, болки во градите);
- Симптоми на психијатриски и психолошки растројства.

**Жртвите** на трговија со луѓе може да ви го привлечат вниманието само кога се **сериозно болни** или **повредени** или со повреда/болест што не се лекувала некое време.
Лица со попреченост се особено **ранлива категорија граѓани**, кои можат да бидат жртви на трговија со луѓе.

# ЗАПОМНЕТЕ

- Тргуваните луѓе не се препознаваат себе како жртви на трговија со луѓе;
- Жртвите тешко го откриваат своето искуство поради страв, срам, јазични бариери и недостаток на можност да го сторат тоа;
- Може да биде потребно време за жртвата да се чувствува доволно безбедно за да проговори;
- Претпазливост во однос на возраста - ако некое лице ви каже дека е помладо од 18 години, или ако некој вели дека е возрасен, но се сомневате дека не е, тогаш преземете акција како да е под 18 години;
- Претпазливо со мажите и момчињата кои се сексуално експлоатирани - обидете се да не почувствуваат осуда или предрасуда;
- **СЕКОГАШ** СЕ ПРИЈАВУВА СЛУЧАЈОТ АКО ЖРТВАТА Е ДЕТЕ, ОДНОСНО **ПОД 18 ГОДИШНА ВОЗРАСТ**.

Сите преземени **мерки за заштита на жртвите** од страна на надлежните треба да се **итни** и да претставуваат приоритет и да се **прилагодени** на потребите на жртвите, **во согласност** со возраста и **адаптирани** на лицата попречени во развој.

## АКО СЕ СОМНЕВАТЕ

дека некој е жртва, најважно е да останете безбедни и вие и можната жртва!

## НЕ СЕ КОНФРОНТИРАЈТЕ

особено во присуство на лицето во придружба на можната жртва!

## СПОДЕЛЕТЕ ГИ СОМНЕЖИТЕ

со друг доверлив член на персоналот!

## ПОБАРАЈТЕ СОВЕТ

или упатете го пациентот во соодветна организација за социјална грижа!

## НЕ ПРАВЕТЕ ШТЕТА (DO NO HARM)

**не ветувајте** нешто што не можете да го исполните!

Доколку сметате дека вашата безбедност е загрозена, **пријавете на 192!**

Достапна е поддршка за жртвите на трговија со луѓе.

БЕСПЛАТНА СОС ЛИНИЈА

**0800 11111**

Пријавувањето може да биде анонимно.

**Охрабрете го/ја да се јави за помош или разговор!**

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не го одразуваат официјалното мислење на која било од страните.*

Советот на Европа е водечката организација за човекови права во Европа. Се состои од 46 земји членки, вклучувајќи ги и сите членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човековите права, договор наменет за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човековите права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија се решија да ги поврзат своите знаења, средства и судбини. Заедно, изградија простор на стабилност, демократија и одржлив развој, при тоа одржувајќи ги културната разноликост, толеранцијата и слободите на поединецот. Европската Унија е посветена на споделување на своите постигнувања и вредности со земјите и луѓето надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

CRPM Center for Research and Policy Making

...policy impact since 2004

ОТВОРЕНА ПОРТА

AGAINST VIOLENCE AND TRAFFICKING